редакција
маркетинг
претплата
контакт
ВЕСТ
www.vest.com.mk
Читај и мисли слободно
Слободен дневен весник...



Пребарувач
Во соработка со Најди!
Барај
Ова е простор за Вашата РЕКЛАМА
SITE METER 198,860,790
ФЕРШПЕД
HOTEL
T Home
ВЕБ АГОРА МАГАЗИН
MACEDONIA SEARCH
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
Living Heritage Macedonia www.zivonasledstvo.org.mk
365 com.mk

## Култура

ВЕЧЕРВА ВО МСУ БИЕНАЛЕ НА МЛАДИТЕ УМЕТНИЦИ

### Младите одговараат кои се и каде се

Тема на изложбата е "Идентитет", а кураторот Мира Гаќина вели дека денеска е потешко да се одговори на прашањето кој сум, па затоа тие си помагаат и со одговори на тоа каде сум



Во Музејот на современа уметност вечерва во 20 часот ќе се отвори 8. Биенале на млади уметници на тема "Идентитет". Куратор на изложбата е Мира Гаќина, а ќе се претстават 27 уметници: Методи Ангелов, Зени Балаши, Матеј Богдановски, Слаѓана Богеска, Кристина Божурска, Ведран Бојановски, Атанас Ботев, Велимир Жерновски, Ана Ивановска, Филип Јовановски, Ѓорѓе Јовановиќ, Верица Ковачевска, Данило Мандиќ, Јана Мишева, Благојче Наумоски, Снежана Неделковска, Миле Ничевски, Борис Петровски, Александра Петрушевска, Зоран Попоски, Марија Сотировска, Славчо Спировски, Дита Старова, Тихомир Топузовски, Дејан Дамјановиќ, Далибор Тренчевски и Кристина Хаџиева.

Во каталогот за изложбата стои: "Денеска се повеќе прашањето за идентитетот Кој сум се заменува со Каде сум. Премногу е тешко да се одговори на прашањето кој сум, па си помагаме да одговориме на ова прашање со одговор на прашањето каде сум. Ако се наоѓам во машко тело, јас сум маж, ако се наоѓам во женско тело, јас сум жена, или ако сум зад фабричка машина јас сум работник, ако сум во Македонија јас сум Македонец / Македонка. Јасно е дека не можеме да се видиме самите себеси затоа што посматрачот тешко може да биде во исто време и посматраниот, да се помешаат субјектот и објектот без да си попречат. Единствената претстава за себе ја добиваме од занишаниот одраз на водата/огледалото или во длабочината на туѓите зеници".

Најуспешниот автор ќе биде награден со самостојна изложба која ќе се реализира идната година. (Б.Н.)



© ВЕСТ 2001
Секое користење на информации и фотографии од сајтот,
без дозвола на Редакција ВЕСТ е забрането